# ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ
# UNITED MACEDONIANS

## *Македонски Гласник*
## *Macedonian Herald*

*Гласник на Организацијата Обединети Македонци во Канада*

*Voice of the United Macedonians Organization of Canada*

ЈУЛИ JULY 2026 | ГОДИНА 68, БРОЈ 2 | VOLUME 68, NUMBER 2 | ISSN 1488-6006




## НОВ УСПЕХ НА МЛАДИОТ МАКЕДОН, ОСВОИ 1.440 ПОЕНИ НА SAT ТЕСТОТ, РЕЗУЛТАТ ЗА СВЕТСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ НА САМО 11 ГОДИНИ

***Превземено од весникот „Нова Македонија“, 25 јуни 2026***




Единаесетгодишниот Македон Димитровски постигна извонреден успех на американскиот SAT тест, освојувајќи вкупно 1.440 поени од можни 1.600, резултат што вообичаено го постигнуваат ученици на возраст од 17 и 18 години.

Според информа-циите објавени од него-вото семејство, младиот талент освоил 740 поени по математика и 700 поени по англиски јазик, што го вбројува меѓу најуспешните уче-ници на негова возраст на глобално ниво.




SAT е стандарди-зиран приемен тест што го користат универзите-тите во САД за проценка на академската подгот-веност на кандидатите. Ваквиот резултат претста-вува силен показател за исклучителни аналитички способности, логичко размислување и напре-дно познавање на англи-скиот јазик.

Со освоените 1.440 поени, Македон Димитровски се позицио-нира меѓу ретките уче-ници од неговата возраст кои пости-гнале резултат споредлив со оние на матуранти кои аплицираат на престижни светски универзитети

Младиот Македонец веќе е препознатлив по успесите на меѓународни матема-тички натпревари и натпревари од научни области, каде во континуитет освојува ви-соки признанија. Неговите способности вклучуваат решавање сложени зада-чи, развиена логика и широка општа култура.

Овој резултат до-полнително ги отвора можностите за идни академски достигнувања, вклучително и конкури-рање за стипендии и образование на водечки светски универзитети.

Успехот на Маке-дон Димитровски претста-вува уште една потврда дека Македонија има млади таленти кои можат да се натпре-варуваат со најдобрите во светот.

**УПРАВАТА НА „ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ“ ИМ ГО ЧЕСТИТА *И Л И Н Д Е Н* 2026 ГОДИНА НА СИТЕ М А К Е Д О Н Ц И ШИРУМ СВЕТОТ СО ЖЕЛБИ ЗА ДУХОВНО И НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО**

***ПОСТАНЕТЕ ЧЛЕН НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА ИСПРАТЕТЕ БАРАЊЕ ДО***

**united.macedonians.org@gmail.com**

## ИЗВРШЕН ОДБОР ПРИ УПРАВАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА

**Претседател:**
**Ристо Дурловски**

**Потпретседател:**
**Владе Гроздановски**

**Секретар и претходен претседател:**
**Драги Стојковски**

**Благајник и Епархиски делегат:**
**Д-р Доне Плуков**

UNITED MACEDONIANS

Established 1959 - Proudly Canadian

United Macedonians Organization of Canada is the publisher of "Macedonian Herald" as a voice of the Macedonians in north America.
*Editor-in-Chief: Dragi Stojkovski*

Организацијата Обединети Македонци во Канада е издавач на ‘„Македонски Гласник“ како гласило на Македонците во Северна Америка.
*Главен и одговорен уредник: Драги Стојковски*

https://unitedmacedonians.org/
united.macedonians.org@gmail.com
https://www.facebook.com/UnitedMacedoniansCanada

## *Во пресрет на Илинден 2026*

# ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА

***Пишува: Ристо Дурловски***

Драги браќа и сестри Македонци, се приближува нашиот најголем национален празник Илинден и по тој повод Ве покануваме сите да дојдете на нашиот Илинденски Пикник. Организацијата по 68-ми пат ќе биде домаќин и организатор на овој светол настан.

Почетокот на оваа манифестација ќе биде одбележана на 1. август со полагање венци пред Споменикот на „Паднатите борци за ослободување на Македонија“ кој Организацијата Оединети Македонци во Канада го постави во 1979 година во дворот на МПЦ Св. „Климент Охридски“ во Торонто. Во 12:00 часот на пладне ќе направиме Молитва за покој на душите на паднатите борци од Илинденската епопеја. Сите свештеници и управи од сите наши македонски цркви официјално се поканети и добродојдени. Поканата важи и за целиот македонски народ во Канада. На овај настан очекуваме да земат учество и сите селски спомагателни друштва, градски друштва и слични здруженија. На тој ден, пред Споменикот со краток говор ќе си спомениме за голготата низ која минуваше Македонија во 1903 год. Таа не беше само на 2. август, долго пред тоа и потоа имаше крвопролевање за нашите македонски идеали.

Главната прослава ќе се одржи во недела на 2. август. Вратите ќе бидат отворени во 9:00 наутро. Така, оние кои ќе поранат ќе можат да си обезбедат поубави места. Во 10:00 часот ќе се одржи богослужба во манастирот Св. „Пророк Илија“ и ќе се избере кум за оваа година. Секој ќе може да запали свеќа за здравје и подобар просперитет.

Во 14:00 часот, рано попладне ќе почне официјалната програма со испевање на свештениците и кратки говори на претседателот и некои од гостите. Потоа започнува забавниот дел кој ке трае сè додека гостите се расположени за забава.

Како и секоја година така и оваа се припремаме најдобро што можеме, за да ги задоволиме очекувањата на сите наши гости. Припремите се во тек веќе подолго време и опфатени се сите аспекти кои водат до најдобри решенија за очекуваниот ден.

Накратко да набројам дека ке имаме квалитетна музика и одлична забава со оркестарот на Ице Димитровски; ќе имаме гости од македонскиот конзулат, односно некои од нашите дипломати; вкусни македонски кебапи, гравче и се‘ друго што вашиот ручек ќе го направат вкусен и незаборавен; играчки за најмладите каде што ќе можат да се забавуваат колку што ќе посакат; ќе имаме богата лотарија со можности за секого да си замине од паркот многу посреќен(а) од колку што планирал(а); настап на наши играорни групи; ќе имаме неколку нашинци кои ќе ги претстават своите производи па ќе можете нешто и да си купите; нашите претставници ќе продаваат маици, капи и слични патриотски алишта.

Треба да се нагласи дека првиот и вториот Илинден се настани од постарото минато, но за нас се многу поважни настаните кои ја креираат денешната актуелна политика. Нашите први комшии кои се дрзнаа да ни станат први душмани, сакаат да украдат сè што е македонско. Почнувајќи од името наше македонско, знамето, историјата, религијата па веројатно и душата наша, затоа што сè друго е скоро земено. Ова последното е малку саркастично но историјата и тоа го потврдува. За жал европските лидери немаат никаква почит за Македонија, нивната очигледна цел е целосно уништување на нашата земја. Единствеа светла точка за нас е поголемиот брат кој често изразува симпатии за нас но ние сме заслепени во ЕУ и ништо повеќе.

Сакам да спомнам дека на 20. и 21.јуни на паркот имавме многу важни гости, 15-20 дечиња и исто толку родители кои го прославуваа Денот на таткото. Имаше детски жагор и весела атмосфера но многу повеќе околу тоа ќе нè обавести организаторот на настанот, г-динот Мајк Стојан.

Неколку реченици за нашите планови околу купувањето на канцеларија.

Во минатото Организацијата имаше канцеларија во црквата Св. Климент Охридски, но како што поговорката вели, сè се движи, сè се менува, така и ООМ ја изгуби таа привилегија и денес мора да се снаоѓаме како знаеме и умееме. Црквите се фокусирани кон своите приоритети така да ние остануваме во втор или трет план. Затоа ние ќе мораме да се погрижиме за самите себе. Во деведесетите години од минатиот век, нашите предходници и одговорни во Обединетите Македонци се потрудија и го купија Илинденскиот Парк. Денес тој е гордост наша, на Организацијата и целиот македонски народ. Времињата се погодни за купување на недвижнини, па затоа треба да направиме напор за остварување на нашата цел. За таквиот план ќе ни треба секаква помош и од секој поединец кој ќе може да ни помогне на било кој начин.

Две-три реченици во врска со нашето подобрување на односите со македонската патриотска партија МПО во Канада и Америка. Према изјавите на нивниот претседател, г. Ник Стефанов, мнозинство-то во нивните редови се Македонци. Тие како и самиот Ник, имаат чувства исти како и нашите, му посакуваат сè најубаво на Македонија, ја подржуваат во нејзиниот европски пат безусловно, секакви негативности према државата осудуваат и т.н. Тие тврдат дека се толку Македонци колку и ние во Организацијата или пошироко. Името на нивната организација кажува кои се тие. Мене врховизмот ми е совршено јасен, но како и многу други членови на ООМ верувам дека се искрени и чесни а иднината треба да го потврди тоа па потоа заедно да бидеме појаки и да се бориме за доброто на Македонија. Сите кои сте заинтересирани за повеќе подробности околу темава, повелете, јавете се па заедно да дискутираме и наоѓаме прави решенија.

На крајот од ова мое обраќање сакам јавно и искрено да им се заблагодарам на сите членови на Организацијата кои даваат максимално од своите можности за остварување на нашите цели а тоа пред сè е Илинденскиот Пикник и Гоцевата комитска вечер. Понекогаш кога имаме потреба од повеке луѓе, истите ги бараме и надвор од членството. Во оваа прилика изразувам искрена благодарност и до сите нив. Вие кои ги читате овие редови, сакам да Ве замолам, ако се чувствувате патриотски расположени и со искрени желби да и‘ помогнете на Македонија односно на македонскиот народ, тогаш јавете се до нас и приклучете се во нашите редови заедно да македонствуваме овде во Канада за доброто на Македонија.

Поздрав до сите Вас, од председателот на ООМК Ристо Дурловски

# In memoriam: *Михајло Дика*



Почина нашиот пријател, нашиот член на ООМ, нашиот бивши консул, г-от Михајло Дика. По кратко боледување во раните утрински часови на 29 ти јуни Михајло го напушти овај свет. Останаа да го жалат неговите најблиски, сопруга Марија, синот Роберт, снаата Ким, внукот Мајка (Михајло) како и многубројни други роднини и пријатели.

Михајло е роден 1941 година во Скопје. Завршил гимназија а потоа и правен факултет. За кратко време потоа, станал најмлад судија во Македонија. Во 1973 година станал конзул на Југославија во Стокхолм, Шведска. Таму фамилијата Дика останале четири години и каде што е роден неговиот син Роберт. Заради школувањето на тогаш малиот син, се вратиле во Македонија и таму останале до 1983 година, кога заминала за Вашингтон, каде бил југословенски конзул, додека во 1987 година фамилијата допатувала во Торонто и Михајло бил последниот конзул на Југославија во Торонто. Во 1991 година Михајло се врати назад во Македонија со цел да и помогне на младата држава. Извесно време поминал таму и потоа повторно се враќа во Торонто. Скоро секоја година се враќаше во Скопје и заедно со сопругата остануваат по 4-5 месеци. Во постарите години најголема љубов му беше неговиот внук Мајкал. Михајло беше многу добар родител, сопруг, дедо, другар, пријател, патриот и најмногу од сè, добар човек. Ќе биде запаметен како сестрана личност, со надареност за многу животни правци. Помагаше сè што беше во можност да поможи. Професорката по македонски јазик, г-ѓата Христина Крамер, на меморијалот за Михајло, спомна дека младиот конзул во Вашингтон, нашол време да и‘ помогне во работата околу изучувањето на македонскиот јазик. Тоа зборува за големината на Михајло Дика. Беше многу активен во црквата Св. Климент Охридски, во ООМК и многу други здруженија.

Михајло Дика отиде во другата димензија па ке се сретнеме веројатно, еден ден кога и ние ќе го напуштиме овој свет.

Вечна слава пријателе наш, Дика.

Ристо Дурловски

# УЧИТЕЛКАТА ОД ГЕВГЕЛИЈА ОЛИЦЕТВОРЕНИЕ НА „ФАКЕЛОТ ОД СЕРМЕНИН“

***Превземено од весникот „Вечер“ - 10 јуни, 2026 (оригиналот може да се прочита тука: https://www.vecer.press/uchitelkata-od-gevgelija-oliczetvorenie-na-fakelot-od-sermenin/***

**** Учителката Марика Петрова - Ристова е мајка на Љиљана Ристова, наша сограѓанка во Торонто и уредник на весникот „Македонски вести“.***

„Факелот“ ја симболизира светлината на писменоста и мајчиниот јазик што првите повоени учители курсисти ја рашириле низ Гевгелија и околните села. Биографијата на Марика е приказна за млада ентузијастка која во воени услови, со малку хартија и парче креда, започнала борба против неписменоста. Низ одделенијата на учителката Марија поминале многубројни ученици, кои никогаш не ја заборавиле, па дури често ја посетувале во нејзиниот дом. За жал, Марија Петрова-Ристова починала многу млада, на само 58-годишна возраст, само неколку години по нејзиното пензионирање. Но, таа останува да живее не само во срцата на нејзините Љиљана и Славица, туку и во срцата на многубројните ученици на кои учителката Марика, им го дала основното знаење за светот и животот. Затоа што, таа велела: „Наставникот е чаша на знаење, река на мудроста и море на трпение“

Дојде крајот на уште една училишна година. Цела плејада народни учители, наставници и професори, повеќе од осум децении ги воспитуваат и ги образоваат своите ученици и како вистински светилници на духот им ги покажуваат патиштата кон највисоките идеали, со љубов и верба во нивното свето дело. На тоа дело му претходеше „светлото од Серменин“, кој го разгореа првите повоени македонски учители кои ги направија првите чекори на повоеното национално школство во гевгелиското и валандовското подрачје во октомври и ноември, 1944 година. Тогаш, во селото Серменин, под раководство на Ристо Елимов, се одржал семинар за подготовка на првите повоени учители, со учество на 75 курсисти на првиот и вториот курс. Марика Петрова-Ристова



била една од најистакнатите учеснички на тој курс, која во локалната историја е запаметена како олицетворение на „Факелот од Серменин“. „Факелот“ ја симболизира светлината на писменоста и мајчиниот јазик што првите повоени учители-курсисти ја рашириле низ Гевгелија и околните села. Нејзината биографија е приказна за млада ентузијастка, која во воени услови, со малку хартија и парче креда, започнала борба против неписменоста.

Нека оваа приказна за учителката Марика Петрова-Ристова, која за ВЕЧЕР ни ја раскажаа нејзините внуки, сестрите Љиљана и Славица Ристови, биде потсетник и на сите други повоени курсисти за учители, кои ги посетуваа двата курса организирани во селото Серменин. Затоа што „факелот“ што го запалија првите повоени учители токму во Серменин, сè уште им го осветлува патот на новите генерации ученици во Гевгелија, но и во Македонија.

Марика Петрова, подоцна Ристова, била ќерка на Султана-Тана Ашикова од Дојран и на Димитар-Мито Петров, роден во село Смол, Егејска Македонија. Марика е родена на 2 февруари, 1926 година, во Гевгелија.

Кога дошол крајот на Втората светска војна, Македонија била без македонски учители. Президиумот на АСНОМ носи Решение и Упатство за организирање курсеви за оспособување на привремени учители за основните училишта. Тогашната македонска власт ангажирала многу млади луѓе, речиси сè уште деца, на свои 16, 17 и 18-годишна возраст, да ги посетуваат овие курсеви за учители. Меѓу нив се нашла и Марика.

За разлика од другите региони на Македонија, курсот за привремени учители во Гевгелиско-дојранско-валандовскиот Регион има свои специфики. Дотогаш, децата во Македонија учеле на туѓи јазици. Затоа овој настан има историско значење – првпат децата слушале настава на својот мајчин јазик.

Ова, многу убаво е опишано во брошурата на Ристо Елимов – „Факелот од Серменин“.

Селото Серменин, оддалечено 19 километри од Гевгелија, во пазувите на Кожуф, е избрано за место на одржување на курсот. За предавачи биле одредени: д-р Ангел Џиков – ветеринарен лекар, инж. агр. Кирил Минев, двајцата од Гевгелија, и Миро Петрушев – ветеринарен лекар од Богданци. Тогаш, овој регион располагал со само 11 души квалификувани



учители. Според решението на АСНОМ, курсот требало да го посетуваат ученици од шести до осми клас гимназија и средни училишта. Пред оспособените учители претстоеле работа со децата во училиштата, но и борба со неписменоста и други задачи а тие млади луѓе беа неискусни и требаше да изведуваат настава во најтешки услови: делумно разурнати училишта, без соодветни, на македонски јазик, учебници.

Марика Петрова-Ристова за тие моменти вели: „Тогаш имав само 18 години. Сè уште во Гевгелија имаше Германци. Дури полнеа и вода од нашиот бунар. А јас требаше илегално да излезам од дома и од градот и да одам во планината… Како јас толку млада ќе се снајдам во планината?“

Колку било тешко за гевгеличаните, уште полошо било за тие курсисти од левата страна на Вардар да стигнат до Гевгелија, а оттаму до Серменин. Тие морале да поминат преку мостот на Вардар, чуван од силни стражи. Во Серменин се собрале 34 повикани курсисти. Од нив повеќе биле младинци од 6 клас.

Предавањата започнале на 23 октомври 1944 година. На отворањето, освен курсистите, присуствувале и голем број жители на Серменин, евакуирани гевгеличани и

***Продолжува на следната страна***

## УЧИТЕЛКАТА ОД ГЕВГЕЛИЈА ОЛИЦЕТВОРЕНИЕ НА „ФАКЕЛОТ ОД СЕРМЕНИН“

***Продолжува од претходната страна***

претставници на политичките и воените власти. Курсот траел 9 дена од 23 до 31 октомври. Наставата се одвивала целодневно, освен одморот за ручек.

Освен општообразовните предмети биле и сексуалното воспитување, хигиена и критика и самокритика. Религијата не била застапена, иако АСНОМ дал можност таа да се предава факултативно. Имало и гаѓање со пушка. Се извела и лажна тревога – „доаѓање на вооружени Германци“. Било наредено книгите да се соберат од населението и да се сочуваат, зашто „секоја книга има своја вредност“, рекол еден од предавачите.

На 31 октомври завршил курсот за привремени учители. Тие што биле определени на работа во оддалечените села, биле среќни, а на ризик биле тие што биле во селата кои сè уште не биле ослободени.

Марика била распределена да учителствува во валандовските села Брајковци и Балинци. Од жителите на овие села, таа била пречекана со воодушевување, поради фактот што за прв пат во многувековната историја, во селата децата имале македонска учителка. По извесно време, Марика била учителка и во други гевгелиски села, за да најпосле ја распределат во самиот град Гевгелија, да биде учителка од прво до четврто одделение.

Учебната година завршила на 7 јуни 1945 година, со што завршила и нивната пионерска просветна задача. Некои од нив, потоа, со доквалификација, учителствувале сè до крајот на својот работен век, а другите се вратиле на школување.
Изгубениот клас го надополниле со курс, јули и август 1945 година во Струмица. По завршувањето на школувањето, многу од овие први учители станале и познати функционери, културни дејци и слично. Иван Антонов стана спикер на МТВ, Славка Георгиева (Андреевиќ) – министер за просвета, Кирчо Ќортошев – актер на МНТ, Радуле Тараљајков (Костовски) министер за информации, Душко Варналиев – новинар во Нова Македонија, Илија Џаџев – професор во гимназијата во Гевгелија, гитарист и поет. На сите нив, поколенијата им се благодарни, а сеќавањата – неисцрпни!



Низ одделенијата на учителката Марија поминале многубројни ученици, кои никогаш не ја заборавиле, па дури често ја посетувале во нејзиниот дом. За жал, Марија Петрова-Ристова починала многу млада, на само 58-годишна возраст, само неколку години по нејзиното пензионирање.

Но, таа останува да живее не само во срцата на нејзините Љиљана и Славица, туку и во срцата на многубројните ученици на кои учителката Марика им го дала основното знаење за светот и животот. Затоа што, таа велела: „Наставникот е чаша на знаење, река на мудроста и море на трпение“.

(Љ. А.)

BINGO WORLD
+GAMING

(905) 884-7795

350 Newkirk Road
Richmond Hill, Ontario
L4C 3G7

richmondhill@bingoworld.ca

***BEST WISHES FROM BINGO WORLD***
***TO ALL ATENDEES AT THE***
***2026 ILINDEN PICNIC***
***ORGANIZED BY THE***
***UNITED MACEDONIANS ORGANIZATION OF CANADA***

*Од дејностите на Македонците во поробена Македонија*

# АРХИМАНДРИТ НИКОДИМ ЦАРКЊАС - НЕКОМПРОМИСЕН БОРЕЦ ЗА МАКЕДОНСКИ ВЕРСКИ И НАЦИОНАЛНИ ПРАВА

***По повод 84. роденден на Архимандритот Царкњас, кој е роден на 29 јуни, 1942 година во С'ботско.***

По осамостојувањето на Република Македонија на 8 септември 1991 година, дополнително се загреваат тензиите во Грција и на Новата 1992 година, четириесет грчки полицајци го апсат Царкњас. Иако месното население се спротивставува и со жив штит го брани саканиот свештеник, грчките полицајци со сила влегуваат во Црквата и го апсат Царкњас. Во монтиран политички процес, Царкњас бил осуден условно на шест месеци заради промена на бравите на Црквата. Откако световните власти неможат да се справат со "опасниот сепаратист и агент на Скопје", Светиот Синод на Грчката православна црква го изнесува случајот пред црковното правосудство. На 10 март 1992 година, тие го расчинуваат Никодим Царкњас, но дури по една година консултации одлуката станува правосилна. Во меѓувреме, Царкњас веќе станал свештеник на Македонската православна цеква (МПЦ-ОА), со служба во манастирот "Свети Ѓорѓи" во с. Кучково, Скопско.

По расчинувањето од ГПЦ, грчката полиција продол-жи со оцрнувањето на името на Царкњас, а тој 13 пати бил осудуван за носење на свештеничката мантија. Сепак, и покрај сите препреки, понижувања, осуди, пресуди и лежења по затвори, поради својата богослужба на македонски јазик, Царкњас не се откажал од борбата за македонските права во Грција.

Во црквата "Света Злата Мегленска", Царкњас започна да проповеда на македонски јазик. Со тоа ги разбудува националните чуства кај Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Пишува Славе КАТИН







## СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Света Злата Мегленска била родена во селото Слатина, во сиромашно христијанско семејство. Била побожна, мудра и силна во верата.

Еден ден Турци ја грабнале и барале да се потурчи и да се омажи за еден од нив, но таа храбро одбила, велејќи дека Христос е нејзиниот единствен Господ. Иако нејзините родители ја молеле да се откаже од верата за да си го спаси животот, таа останала цврста.

Поради тоа била мачена три месеци, тепана и на крај сурово убиена. Била обесена, а потоа исечена на парчиња во 1796 година. По нејзината смрт, христијаните ги собрале нејзините мошти и ги чувале како голема светиња.



***Света Злата Мегленска***

***Од историјата на јужниот поробен дел од Македонија***

# 80 ГОДИНИ ОД ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

***Проф. д-р Никола Жежов,*** Март 2026 година.

Додека светот уште ги лечел тешките рани од Втората светска војна, во срцето на Европа, на Балканот, се подготвувал нов конфликт кој се заканувал да направи големо воено жариште што би ги надминало регионалните граници. Копјата се кршеле меѓу две идеологии: комунизмот и десничарската политичка доктрина зад кои стоеле двата големи светски блокови кои ги предводеле СССР, од една страна и САД и Велика Британија, од друга страна. Зад тој голем параван на судирот на големите светски сили, се криело наизглед едно затворено прашање кое само чекало искра за да го распали балканскиот оган: Македонското прашање! Фактот на постоењето на федерална Македонија како дел од новата југословенска федерација ги подгревал надежите на Македонците во соседните држави дека можеби е дојден историскиот момент за обединување на сите Македонци во рамките на една држава. На такво решение се надевале и поголем дел од Македонците во Егејскиот дел на Македонија којшто по Втората светска војна останал во границите на грчката држава.

И, ако светот се радувал на првите години на мир, за Македонците во Егејска Македонија, војната не била завршена и во 1945 година сеуште македонски партизани се движеле низ планинските масиви во Северниот дел на Грција, бранејќи ги македонските села од нападите на разни грчки паравоени формации кои се обидувале да извршат етничко чистење во овој дел на државата. Кризата уште повеќе се разгорела и со истоварувањето на британската војска на грчка територија и помошта што и ја дала на грчката владина војска против герилските воени единици на ЕЛАС со цел воспоставување на контрола на целата територија на Грција.

Состојбите во Грција ескалирале и после неколкуте вооружени судири во близината на Атина и Солун, резултатот бил склучувањето на Договорот во Варкиза во февруари 1945 година, со што државата не се стабилизирала, туку се создале предуслови за воени дејствија. Речиси една година траеле подготовките за воена разрешница помеѓу двете спротивставени страни во Грција. Раководството на КПГ тактизирало и преземало мерки како некоја „златна средина“ меѓу политички чекори и заканата од воени дејствија ако не се решат непријателствата со грчката десничарска влада. За тоа време, македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, определено за соработка со грчките комунисти, веќе имало борбени дејствија во овој дел на државата: Костурско, Леринско, Воденско, Мегленско и Ениџевардарско.

Во вакви услови Грција ја дочекала 1946 година. Никој не претпоставувал дека токму 31 март 1946 година, денот на одржувањето на изборите, ќе биде и почетокот на Граѓанската војна во Грција. Додека траело гласањето нападот на една партизанска чета врз жандармериската станица во селото Литохоро на планината Олимп го означил и официјалниот почеток на војната во Грција. И покрај големиот процент на апстиненција на гласачите, на овие избори најмногу пратеници освоила Популистичката партија, а формирањето на новата грчка влада само го зголемило јазот помеѓу левицата и десницата кои веќе од 31 март 1946 година и официјално се наоѓале во војна.

И за Македонците од Егејскиот дел на Македонија, тој датум и година, пред точно 80 години имал судбоносно значење за нивниот понатамошен статус на овој дел од Балканот. Маневарскиот простор на Егејските Македонци бил многу мал и не постоел голем избор. Грчките десничарски партии не признавале македонско прашање во било каква форма, единствено КПГ покажувала одредено разбирање кон него, тактизирајќи со политичката програма, од признавање на правото на самоопределување и посебна македонска држава - до малцински права на „Славомакедонците“ во постојните граници на Грција.

Променливиот однос на грчкото комунистичко раководство и посебно на генералниот секретар на Партијата, Никос Захаријадис, немал некакво силно и пресудно влијание врз Македонците на која страна ќе се определат во војната. Да, навистина помеѓу локалните Македонци имало и голем број членови на КПГ, но во редовите на герилското, партизанско движење во таа 1946-та година се вклучувале и такви кои не биле идеолошки определени комунисти и биле само национално ориентирани и посветени на идејата за одбрана на родните места или ако се создадат услови овој дел од Македонија да се присоедини кон матичната македонска држава што веќе функционирала како федерална југословенска република. Можеби загрозеноста на македонскиот опстој во Егејска Македонија била и клучна да не се создаде некаков подлабок идеолошки раскол помеѓу тамошните Македонци и тоа да биде услов тие масовно да се вклучат во Граѓанската војна на страна на левичарските воено-политички сили. Впрочем, уште пред да се создадат воено-политичките тела од грчка левичарска провиниенција, Македонците веќе во 1946 година војната ја дочекале со формирани автохтони политички организации и воени одреди со македонски национални обележја.

Веќе една година, од април 1945 година била активна и на теренот во Егејска Македонија дејствувала организацијата Народно ослободителен фронт (НОФ), а низ планинските предели агитирале и го вооружувале локалното македонско население, само во 1946 година- околу 700 македонски партизани. Националната свест на Македонците била на едно високо



ниво, целите биле јасно поставени, а самото означување на НОФ како втората македонска ВМРО ја покажувала цврстата македонска национална платформа на македонските воено-политички раководители. Тоа е доказ дека 31 март 1946 година не ги затекнал Македонците во овој дел на Македонија.

Македонските воено-политички раководители: Паскал Митровски, Михаил Керамитчиев, Џоџо Урдов, Павле Раковски, Евдокија Балева- Вера и другите биле комунисти по политичка определба, но биле и национално определени. Тие како раководители на НОФ биле свесни за колебливоста на Захаријадис, но исто така ја препознале принципиелноста на генералот Маркос Вафијадис, легендарниот командант на Демократската армија на Грција (ДАГ) кој имал искрен однос кон македонското прашање и затоа му дале полна поддршка од името на Егејските Македонци кога се формирала оваа левичарска борбена формација. Огромната поддршка на ДАГ се гледала на теренот во Егејска Македонија во првата година на Граѓанската војна со самиот факт што во близина на населените места со жители од македонска националност се создале и првите мали слободни територии каде биле формирани и првите органи на власт во коишто учествувале и Македонци по националност.

Македонските села под Кајмакчалан, селата под планинските височини на Костурско и Леринско им дале засолништа не само на борците на самостојните македонски партизански одреди, туку и на единиците на ДАГ каде доминантни биле Грци по националност. Не, кај македонските селани не постоела омраза или шовинистички чувства, иако претрпеле големи злосторства од воени единици кои го зборувале грчкиот јазик. Напротив, тие ги снабдувале со храна, облека и лекови подеднакво и грчките партизани.

Податоците на теренот покажувале дека имало случаи кај поединци Грци, борци на ДАГ кои имале негаторски однос кон Македонците, слично на припадниците на десничарските политички партии. За среќа, тоа не прераснало во официјална политика на ДАГ и КПГ. Но, дека стравот од грчките андартски колежи не бил толку дамнешно минато за Егејска Македонија, потсетил случајот со македонската партизанка Мирка Гинова, членка на АФЖ која во летото 1946 година била сурово ликвидирана од страна на грчката владина војска. Начинот на измачувањето и убиството на Мирка Гинова од страна на грчката војска наликувал на свирепите егзекуции на македонските комити

***Продолжува на следна страна***

# 154. ГОДИШНИНА ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

***4 февруари 2026 – Торонто***



По повод 154-та годишнина од раѓањето на Гоце Делчев, легендарниот македонски војвода, членови при управата на Организација Обединети Македонци положија венец пред споменикот „Во чест и вечна слава на паднатите борци за ослободување на Македонија“, кој е поставен пред МПЦ „Св. Климент Охридски“ во Торонто.

Нека е честит роденденот на Гоце Делчев - човекот, хуманист, борец за слобода на Македонија и Македонците, легенда во македонската народно ослободителна борба; македонски војвода кој се роди во Кукуш, Македонија, се бореше низ цела Македонија, почина во Баница, Македонија, и според неговата желба, коските му почиваат во главниот град на слободна МАКЕДОНИЈА.

Слава му.

# 80 ГОДИНИ ОД ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

***Продолжува од претходна страна***

што на почетокот на XX век го вршеле грчките андарти кои во името на т.н. „македонска борба“ ги отсекувале главите на македонските борци за слобода и по примерот на средновековната инквизиција, јавно ги покажувале за да го заплашат македонскиот народ.
Новите „македономахи“ - грчката владина војска, ги доусовршиле методите на своите претходници и пред да ја усмртат Мирка Гинова стрелале во близина на нејзината глава за да ја зголемат нејзината мака и страдање. Но, херојската смрт на македонската партизанка не оставила рамнодушен еден од грчките војници кој тајно испратил писмо до родителите на Гинова, во кое ја опишал нејзината смрт и го воздигнал нејзиното смело држење. Мирка Гинова со тој чин си обезбедила место во пантеонот на бесмртните македонски маченици-борци за слободата на Македонија, народот од тие краишта ја опеал нејзината смрт и со тоа дал придонес за поголема масовност на Македонците во редовите на партизанските единици и ДАГ.
Септември 1946 година донел уште една потврда дека Граѓанската војна во Грција само што започнала. На 1 септември, на денот на референдумот распишан за карактерот на државното уредување на Грција, победила концепцијата за враќање на монархијата и Кралот, со што биле закопани надежите на демократската јавност за републиканска форма на управа на земјата. Во контекст на јакнењето на антивладиниот отпор во ноември 1946 година бил постигнат договор помеѓу раководството на НОФ и КПГ со што оваа македонска организација со нејзиното членство се претопила во редовите на грчката комунистичка партија и нејзините придружни воени и политички организации и со тоа ја изгубила својата независност, а се со цел засилување на заедничката борба против грчката владина војска и странските воени сили што ја помагале.
Дали македонските воено-политички раководители направиле грешка, тешко е да се каже од перспектива на денешната временска дистанца. Како историска наука и толкувачи на историските настани не треба да им судиме на актерите на тој чин, туку треба да го опишеме историското време и условите во таа судбоносна 1946 година.
Во врска со ова се поставува прашањето, дали можело поинаку да се постапи и дејствува?
Во тие тешки времиња единствен внатрешен сојузник на Македонците во Егејска Македонија им биле грчките комунисти, додека помошта од надвор до 1948 година доаѓала само од соседна Југославија, во македонскиот дел од границата. И покрај сите овие околности, може да се заклучи дека 1946 година била успешна за борбата и афирмацијата на правата на Егејските Македонци. Македонското национално ослободително движење се наоѓало во подем, а ентузијазмот, волјата и моралот на Македонците бил на високо ниво. Решеноста да се бранат родните огништа и дедовината што Македонците ја имале со векови, не отстапувала пред теророт, притисоците и обидите на тогашна официјална Атина. Тоа ги вбројува Македонците од Егејска Македонија во семејството на слободољубиви, горди и непокорни народи. Исто како и нивните браќа и сонародници во Народна Република Македонија во таа 1946 година.
По 80 поминати години, тешко е да се претпостави дека Република Грција ќе го одбележи со некоја голема јавна манифестација датумот на почетокот на Граѓанската војна. Тоа можеби ќе се сведе на некој скромен собир од членовите на сегашната Комунистичка партија на Грција. Грчката историографија кон Граѓанската војна се однесува со објаснување како за класична идеолошка војна. Нема никакво објаснување низ грчките историски книги за статусот на Македонците во војната, Македонците ги нема, не постојат. Грчките архиви сигурно во себе чуваат документи кои го објаснуваат и гледиштето на тогашната грчка десничарска влада кон македонското прашање, но барем јас како историчар, такви документи не сум видел. Во Република Македонија имаме пристап до објавената архивска граѓа од КПГ, ДАГ и македонските левичарски организации за време на Граѓанската војна и од таму извлекуваме најголем дел од податоците и за 1946 година.
Граѓанската војна во Грција уште години и децении веројатно ќе го бранува грчкото општество и историографија и ќе предизвикува различни емоции. Но, тоа е проблем на Република Грција и ги охрабруваме да го отворат истиот и да ги решаваат сите, за нив, непознати работи за трагичниот настан од пред 8 децении.
Денеска, кога сме на неколку дена од одбележувањето на 80 годишнината од почетокот на Граѓанската војна во Грција, ние, овде, во Република Македонија, да се потсетиме на жртвата на Македонците од Егејска Македонија во далечната 1946 година и нивниот стремеж за слобода и човечко достоинство! Да се потсетиме на нив, во нашата единствена татковина Република Македонија која им подаде братска рака на Егејските Македонци по трагичниот крај на војната и со тоа ублажи дел од пеколните страданија и маки што ги претрпеја во обид да се изборат за своите човечки правдини! Споменот за славната и борбена 1946 година ќе остане да биде зачуван на страниците на македонските историски книги и во срцата на тие што се родија во Воденско, Мегленско, Костурско, Леринско, Солунско, Ениџевардарско, Кајларско, Драмско! Историската меморија ќе претставува долг и чест и за потомците на Македонците од Егејскиот дел на Македонија кои денеска живеат во Република Македонија и ширум светот.
Во името на тие светли традиции, во името на споменот на загинатите за слободата:
Вечна слава на хероите!

Вечна памет на борците за слободна Македонија!
Да живее Македонија!



## *Организацијата Обединети Македонци во Канада во чест на Гоцевиот роденден*

# Г О Ц Е В А - КОМИТСКА ВЕЧЕР - 2 0 2 6

***Торонто, 7-ми февруари, 2026***



***Сара Трајковска, конзул на Република Македонија во Торонто.***

Организацијата Обединети Македонци во Канада (ООМК), на 7-ми февруари, традиционално, по 53. пат ја организира Гоцевата - комитска вечер која во чест на роденденот на Гоце Делчев, 4. февруари, се оддржа во големата сала при македонската православна соборна црква Свети „Климент Охридски“ во Торонто.

Свеченоста ја водеше господинот Никола Делов, поранешен секретар на ООМК.



После отворањето на свеченоста и претставување на почесните гости, програмата започна со македонски ора во изведба на младата играорната група „Билјана“, гранка на МПЦ Св. Димитрија Солунски во градот Маркам и возрасната група „Здравец“. По вечерата, играорната група „Македонка“ , гранка при МПЦ Св. „Климент Охридски“ се претсатви со комитското оро.

Потоа, на гостите им се обрати претседателот на Обединетите Македонци, г. Ристо Дурловски. Тој во својот говор се осврна на животот и делото на Гоце Делчев како великан и апостол на македонското национално движење за ослободување на Македонија и македонскиот народ.

Следен говорник беше г. Фикрет Сак, потомог на иселеници од Македонија во Турција, кој оваа година беше почесен гостин на Гоцевата вечер (Фикрет не доби виза за минатата Гоцева – комитска вечер). Господинот Фикрет Сак се заблагодари за честа да биде гостин на ООМК и Македонците во Канада и ги запозна гостите со дејностите на Македонците во Турција.



Потоа, на гостите им се обратија Сара Трајковска, конзул на Република Македонија во Торонто, Борис Стојкос, претседател на црковниот одбор при Св. Климент Охридски“ и Бил Николов, претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права.

Следуваше поетесата Магдалена Иваноска, членка на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“, гранка на МПЦ Св. „Климент Охридски“, со рецитирација на поемата „Прости ми даскале“, напишана од Зоран Ивановски.

Свечениот дел од програмата го заврши со читање на „Повелбата“ до претседателката на Република Македонија, Гордана Силјановска Давкова и претседателот на Владата на Република Македонија, Христијан Мицкоски за раскинување сите штетни меѓу-народни договори, да ги известат ООН дека ние го продолжуваме членството во светската организација под историското име Македонија; и враќање на првото знаме на независна Република Македонија со македонското шеснаесеткрако сонце од Кутлеш. Исто така беше прочитано „Барањето“ до Владите на Република Македонија и Република Грција, да се договорат изградба на спомeник на Гоце Делчев во неговиот роден град Кукуш и поставување спомен плоча во селото Баница, серска околија, близу срушената црква, во чест и сеќавање на погинувањето на Гоце Делчев.



После свечениот дел следеше забава пропратена со македонски песни и ора во изведба на популарниот оркестар „Соња и Оливер“.

Организацијата Обединети Македонци во Канада се заблагодарува на сите посетители за успехот на овогодишната Гоцевата - комитска вечер.

Снимка за Гоцевата – комитска вечер прикажана на ТВ програмата Час на македонски котрени (Macedonian Heritage Hour on OMNI Television) - може да се види тука https://www.youtube.com/watch?v=s2kXOxadaWA, додека повеќе слики и видеа можете да видите на фејсбук страната на Обединети Македонци - https://www.facebook.com/UnitedMacedoniansCanada/.

# ГОЦЕВА-КОМИТСКА ВЕЧЕР - 2 0 2 6

*Гостите на главната маса со почесниот гостин од Турција, Фикрет Сак.*





*Горда почит кон канадската и македонската химна*







*Играорната група „Македонка“.*

*Играорците од групата „Билјана“, при МПЦ Св. „Димитрија Солунски“ во Маркам.*









# GOTSE DELCHEV NIGHT - 2026









*Возрасната играорна група „Здравец“.*





*Широк поглед на салата при МПЦ Св. „Климент Охридски“ со гостите.*







# Организацијата Обединети Македонци во Канада ја одбележа 123. годишнина од погибијата на Гоце Делчев

***4 мај 2026 година – Торонто***

По повод 123-та годишнина од погибијата на Гоце Делчев, легендарниот македонски војвода, во присуство на членови и симпатизери, Организација Обединети Македонци и Леринското културно друштво положија венци пред споменикот „Во чест и вечна слава на паднатите борци за ослободување на Македонија“, кој е поставен пред МПЦ „Св. Климент Охридски“ во Торонто.

Свештениците Александар Тодоровски и Јован Босеовски оддржаа молитва за покој на душата на Гоце Делчев и сите македонски родољуби кои на овој ден ги положија своите животи за ослободување на Македонија.

По молитвата, претседателот на ООМК, Ристо Дурловски оддржа поздравен говор по повод празникот оддавајќи почит кон сите жртви за слободата на Македонија и македонскиот народ и ги потсети присутните за неповторливото Гоцево значење во македонското народноослободително дело.











**„Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите.“**
**Г о ц е  Д е л ч е в**

**Каде и да одиш,**
**каде и да шеташ,**
**не се срами,**
**не се плаши, МАКЕДОНЕЦ да си!**

***ПОСТАНЕТЕ ЧЛЕН НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА ИСПРАТЕТЕ БАРАЊЕ ДО***

**united.macedonians.org@gmail.com**

# Macedonian overnight children's camp in honour of Father's Day

June 20-21, 2026

In honour of Father's Day, a group of enthusiastic Macedonian fathers, led by Mike Stoyan, organized an overnight camping with their children at the "Ilinden" Macedonian park in Scugog. The fathers and their children had an unforgettable evening, overnight camping and morning filled with games, movies, campfire, and of course, shared lots of interesting tales with Macedonian traditional food. The fathers met old friends, while the kids made lots of new Macedonian friends that will last a lifetime.

The plan is to make this an annual event, where the Macedonian heritage can be passed on to the younger generations.










# Илинден – светлиот духовен и национален празник на Македонија и Македонците

*Никола Ристевски - Авторот е долгогодишен истражувач на македонските природни ресурси и културно наследство (Оригиналниот напис може да се прочита во целост во в. „Нова Македонија“, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/ilinden-svetliot-duhoven-i-nacionalen-praznik-na-makedonija-i-makedoncite/ .*

***Македонскиот народ ја обзнанил македонската борба за слобода во 20 век на два Илиндена, во 1903 и во 1944 година. Со децении Илинден се празнува преку традиција во која се зачувани духовни, револуционерни и фолклорни мотиви од колективната свест на Македонците. Освен Илинденското востание во 1903 и Првото заседание на АСНОМ во 1944 година, и пред нашата ера е забележана воена победа на Македонците токму на 2 август. Во 338 година пред нашата ера, војската на кралството Македонија, предводена од Филип Втори Македонски, во Херонеја ги победила здружените војски на Теба и Атина***

Денот на Свети Илија – Илинден, претставува голем православен празник и значаен македонски национален празник. Се празнува на 2 август, а по стар стил на 20 јули. Македонскиот народ ја обзнанил македонската борба за слобода во 20 век на два Илиндена, во 1903 и во 1944 година. Со децении Илинден се празнува преку традиција во која се зачувани духовни, револуционерни и фолклорни мотиви од колективната свест на Македонците. Освен Илинденското востание во 1903 и Првото заседание на АСНОМ во 1944 година, и пред нашата ера е забележана воена победа на Македонците токму на 2 август. Во 338 година пред нашата ера, војската на кралството Македонија, предводена од Филип Втори Македонски, во Херонеја ги победила здружените војски на Теба и Атина.

Свети Илија е еден од најголемите пророци во историјата, кој живеел во 9 век пред нашата ера. Според Откровението на Свети Јован Богослов, Свети Илија ќе се појави уште еднаш – пред крајот на светот. Македонската народна традиција зачувала верување дека Свети Илија е клучар на небото, што е директно поврзано со житието на пророкот и е зачувано како спомен во народни песни и преданија. Одамна Македонците го сметале Илинден за тежок празник на кој не се работи и со кој се поврзани народни верувања и обичаи. Марко Цепенков забележал предание за борбата на Свети Илија со ламјата, кога ја бркал со кочијата за да престанат грмотевиците.

Спространов запишал верувања во кои исто така е запаметена борба со ламјата, а Шапкарев оставил записи за еснафските празнувања на Илинден. Предание од гевгелискиот крај го прикажува Свети Илија со боздоган, во Охридско се правеле тркала од неисушени ќерамиди за да наликувале на колесницата на Свети Илија со цел да се повика дожд за бериќет, во Кумановско и Овчеполско на Илинден не се работи поради страв од громови, а низ цела Македонија Свети Илија е познат и како громовник. Песни и верувања за Свети Илија се запишани и во Зборникот на Миладиновци и во народното творештво запишано од преродбениците од крајот на 19 век речиси од сите краишта на Македонија.

Неговите карактеристики во народните преданија наликуваат на скандинавскиот Тор, словенскиот Перун и античкиот Se(ус). Овој голем пророк е споменат и во Талмудот и Куранот. Во христијанската религија, за Свети Илија пишува во Стариот завет од Библијата. Во Македонија постојат многу стари цркви посветени на Свети Илија, а неговото вознесување на небото и давање на наметката на одбраниот наследник Елисеј е претставено и на повеќе икони и фрески во македонските цркви.

Пред 123 години, на Илинден било кренато востанието на македонскиот народ, познато како Илинденско востание, за време на кое била создадена 10-дневната Крушевска Република, првата република на таканаречениот Балкански Полуостров.

Илинденското востание претставува наследник на организираните востанија на македонскиот народ во втората половина на 19 век, како Македонското востание (познато како Кресненско), Разловечкото востание, Брсјачката буна, активностите на анархистите познати како гемиџии и други буни и востанија на непокорните Македонци.

Илинденското востание и Крушевската Република, 123 години подоцна, со саможртвата на Македонците од 1903-та

***Продолжува на следната страна***



*News from the Macedonian Human Rights Movement International*

# The Macedonian Association Ilinden-Tirana Marks Eleven Years as a Full Member of the Federal Union of European Nationalities

Eleven years ago, the Macedonian Association Ilinden-Tirana, was admitted to the Federal Union of European Nationalities (FUEN), the largest organization of national minorities in Europe.

The Macedonian Association Ilinden-Tirana was the first organization from the Republic of Albania to become a full member of theFederal Union of European Nationalities (FUEN), which occurred at the congress held on 15.05.2015 in Komotini, Greece.

Since then, the Macedonian Association Ilinden-Tirana has made great contributions to identifying and overcoming a large number of issues of interest to Macedonians in the Republic of Albania. It continuously works to protect the ethnic, linguistic, cultural identity and national traditions of Macedonians in the Republic of Albania.

Also, the Macedonian Association Ilinden-Tirana has regularly participated in all congresses of FUEN and submitted resolutions, the content and aim of which was to improve the life of Macedonians in the Republic of Albania and all of which were voted in favour by the Federal Union of European Nationalities (FUEN).

They have been sent to all state institutions in the Republic of Albania and international institutions related to minorities. These resolutions contribute to the improvement of the position of Macedonians in the Republic of Albania.

The Macedonian Association Ilinden-Tirana, as a fullmember of the Federal Union of European Nationalities (FUEN) and as part of the Working Group on Slavic Minorities (AGSM) at the Federal Union of European Nationalities (FUEN), actively raises issues on the international stage for Macedonians in the Republic of Albania.

On this occasion, the Macedonian association Ilinden-Tirana expresses gratitude to the presidency of the Federal Union of European



Nationalities (FUEN) and the Working Group of Slavic Minorities (AGSM) for the cooperation and understanding shown for the interests of Macedonians in the Republic of Albania.

At the same time, we express our sincere gratitude to Macedonian Human Rights Movement International from Canada with its PresidentBill Nicholov, who supports the Macedonian association Ilinden-Tirana in being a fullmember of the Federal Union of European Nationalities (FUEN).

Macedonian Association "Ilinden"-Tirana
President, Nikolla Gjurgjaj

# Илинден – светлиот духовен и национален празник на Македонија и Македонците

***Продолжува од претходната страна***

се слават како еден од најсветлите спомени од богатата историја на Македонија и македонскиот народ.
Четириесет и една година по Илинденското востание, на Илинден, во манастирот „Свети Прохор Пчински“ се одржало Првото заседание на АСНОМ – Првото антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Заседанието било отворено со изведување на „Изгреј зора на слободата“ и говор на сведокот на двата Илиндена, највозрасниот делегат Панко Брашнаров. Од неговиот говор, зачуван во целост, јасно се чита свеста на Македонците што живееле во првата половина на 20 век. На првото заседание на АСНОМ бил избран и Президиумот, на чело со претседателот Методија Андонов–Ченто и неговите заменици Панко Брашнаров и Емануел Чучков.

Денес, на средината од втората деценија на 21 век, го празнуваме денот на Свети Илија и споменот за македонската борба за слобода во 1903 и 1945 година. Современата македонска држава Република Македонија одржува настани на Мечкин Камен во Крушево и во Пелинце, каде што се наоѓа Меморијалниот центар на АСНОМ, изграден откако започнале проблеми со прославувањето во манастирот „Свети Прохор Пчински“, кој денес е во границите на Србија.
Вреди да се спомене дека за време на Втората светска војна, во текот на неколку години повеќе големи акции биле изведени токму на Илинден.
Подвигот на комитите од 1903 се слави преку традиционалниот Илинденски коњанички марш и планинарските пешачења од Скопје до Крушево.
На 2 август 1923 година, ковчежето со моштите на Гоце Делчев било изнесено од домот на Михаил Чаков во црквата „Света Недела“ во Софија на 10-дневно поклонение, по што биле изложени во канцеларијата на македонското братство „Илинден“, од каде што во 1946 година биле пренесени во дворот на црквата „Свети Спас“ во Скопје.
Впрочем, 20 јули и 2 август се поврзани и со еден од најголемите настани во светската историја што се случиле во Македонија – според историчарите, на 20 јули 356 година пред нашата ера се родил синот на Филип и Олимпија – Александар Македонски.
За многу години, Македонци!

WHO GAVE YOU THE RIGHT TO CHANGE OUR NAME AND IDENTITY?

#OUR NAME IS MACEDONIA

# Macedonian Language Centre in Aegean Macedonia Appeals for Financial Support for Two Upcoming Trials at the Supreme Court of Greece

***26 May2026 | Press release from the Centre for the Macedonian Language in Greece***

On September 21, 2026, two appeals of seven individuals against the dissolution of the association Centre for the Macedonian Language in Greece based in Lerin/ Florina, Greece and aimed at preserving and cultivating the Macedonian language, as an indigenous language in Greece, are being heard at the Supreme Court / Court of Cassation of Greece.

These seven person were members of the board of directors of the association, which had been judicially recognized. Following the judicial recognition of the association, two lawsuits were initiated against its recognition, the first by the Florina Public Prosecutor and the association “Pan-Macedonian Union of the Macedonian Struggle of Greece – Australia”, in which other persons (natural and legal) also intervened, and the second by the Florina Public Prosecutor and the association “Pan-Hellenic Association of Descendants of Macedonian Fighters - Pavlos Melas”.

Those two trials issued two respective historic decisions regarding fundamental rights in Greece. The decisions rejected the above lawsuits and by virtue of those decisions the Centre continued to exist legally. However, the opponents of the Centre filed two respective appeals against those two historic decisions, which were accepted by the Court of Appeal in Kozani, which adopted the positions of the opponents. Those positions were claiming that there was confusion regarding the purposes of the association and that there was a threat to public order in Greece. Therefore, with two respective decisions, the Court of Appeal ordered the dissolution of the association.

The two trials against the two decisions of the Court of Appeal will be held on September 21, 2026 at the Supreme Court of Greece, as mentioned above. In the event that the Supreme Court issues two negative decisions, similarly to the Court of Appeal, the Centre for the Macedonian Language in Greece will appeal to the European Court of Human Rights (ECHR) in Strasbourg, where associations in favour of minority rights in Greece have always been vindicated. However, a necessary condition for taking cases to the ECHR is that the levels of jurisdiction in Greece have first been exhausted, that is, that the two trials be conducted by the Supreme Court of Greece.

For the costs of the two trials in the Supreme Court of Greece (court costs, taxes, lawyer's fees) the amount of 10,000 (ten thousand) euros must be collected by September 15, 2026.

The Centre for the Macedonian Language in Greece calls for financial support, with any amount welcome, until the 10,000 euros are covered, to every person and collective interested in supporting the pivotal legal struggle for fundamental rights in Greece. Donations can be made through Macedonian Human Rights Movement International, whose invaluable support makes our work possible.

We, the members of the Centre for the Macedonian Language in Greece, thank you in advance.

Make your donation at mhrmi.org/donations, e-transfer info@mhrmi.org, or to make alternate arrangements, please contact Macedonian Human Rights Movement International. Contact information below:

Macedonian Human Rights Movement International (MHRMI) has been active on human and national rights issues for Macedonians and other oppressed peoples since 1986. MHRMI demands respect for Macedonia's name, identity and human rights for oppressed Macedonians in the Balkans. For more information: 1-416-850-7125, info@mhrmi.org, mhrmi.org, twitter.com/mhrmi, facebook.com/mhrmi, instagram.com/MacedonianHumanRights, #OurNameIsMacedonia Donations: mhrmi.org/donations, e-transfer info@mhrmi.org, or contact us.





## Негирањето на македонскиот народ, историја и јазик е флагрантен обид за национална асимилација

***21 мај, 2026; Повод: Поднесената жалба до Европската комисија (ЕК) против Бугарија од страна на Централниот совет на Македонците во Германија***

Македонците во Германија, во поднесената жалба, предупредуваат дека Бугарија ја злоупотребува европската процедура за проширување, претворајќи ја во алатка за наметнување националистички услови што ја поткопуваат суштината на европските принципи. Затоа оваа постапка е повеќе од спор меѓу две држави. Таа е огледало на европската совест. Доколку Унијата дозволи една земја членка да ја условува идентитетската суштина на друга држава кандидат, тогаш се отвора опасен преседан, според кој, европските вредности стануваат преговарачка монета, а правото на постоење – предмет на политичка уцена

Централниот совет на Македонците во Германија со седиште во Берлин поднесе жалба до претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, поради тешки повреди на основните договори на Европската Унија во рамките на преговорите за пристапување на Република Македонија. Оваа жалба не е само административен акт туку „крик на македонската заедница“, која се соочува со систематско негирање од одредени центри на своето постоење, со обид да се избришат јазикот, културата и историјата на еден народ од европската мапа на вредности. Македонците во Германија предупредуваат дека Бугарија ја злоупотребува европската процедура за проширување, претворајќи ја во алатка за наметнување националистички услови што ја поткопуваат суштината на европските принципи.

Затоа, оваа постапка е повеќе од спор меѓу две држави туку уште повеќе, таа е огледало на европската совест. Доколку Унијата дозволи една земја членка да ја условува идентитетската суштина на друга држава кандидат, тогаш се отвора опасен преседан, според кој, европските вредности стануваат преговарачка монета, а правото на постоење – предмет на политичка уцена. Експертите предупредуваат дека со ваквите барања се нарушува членот 2 од ДЕУ, кој ја гарантира забраната на дискриминација по етничка и јазична основа. Жалбата исто така предупредува и на конкретни последици за дијаспората – преведувачи, наставници и ученици би можеле да се соочат со негирање на нивните квалификации и свидетелства – директен удар врз правата на граѓаните во Германија и пошироко во ЕУ. Македонија веќе направи историски отстапки – промена на знамето, уставни измени, промена на името. Но отстапки што го засегаат идентитетот на народот повеќе не се прифатливи, оценува експертската јавност.

***Што е предмет на жалбата?***

Прашањето не е само правно туку и суштинско. Тоа е прашање за достоинството и постоењето на еден народ што со децении се соочува со систематско негирање на својата јазична, историска и културна посебност. Жалбата против Бугарија пред Европската комисија не е административен документ, туку гласен повик на една заедница што бара Европа да ја препознае неправдата и да ја заштити правната архитектура на која се темели Унијата.

***Продолжува на страна 19***

***П О В И К до сите М а к е д о н ц и***
***(посебно од помладите генерации),***
***вклучете се во дејностите на македонските црковни општини, организации, околиски и селски спомагателни друштва. До Вас зависи дали и колку ќе се пренесе љубовта кон македонството во Канада.***

***A P P E A L to all M a c e d o n i a n s***
***(especially the younger generations),***
***get involved in the activities of the Macedonian church communities, organizations, regional and village auxiliary societies. It depends on you whether and how much the love for Macedonianism will be transferred to Canada.***

Toll Free: 888 – 265 – 7673
Local: 416 – 265 – 6867

CANADIANA
FLOWERS

www.canadianaflowers.com
Design Studio, 3087 Kingston Rd.,
Toronto, ON, M1M 1P1
info@canadianaflowers.com

***D.J. Krki***
40 годинишното искуство е знак за најдобриот македонски Ди Џеј на сите времиња.
Дозволете ***Марјанчо Главинчевски*** да Ве расположи со македонска музика за Вашите:
крштевки, родендени, дипломирања, веридби, свадби, пензионирања и сите други веселби.

**519-980-4303**
marjancog@gmail.com



# Living without recognition: Macedonians in Greece and their struggle

***November 6, 2025 - The intervue with*** Eugenia Natsolidou ***from the association "Krste Misirkov", was conducted by Bojan Brezigar, a Slovenian journalist and political scientist from Trieste, Italy.***

**Could you please introduce yourself first?**

Eugenia Natsolidou: I represent the Macedonian minority in Greece and I am a member of the non-profit organisation Krste Misirkov, which is part of FUEN. We are also a member of NPLD, based in Brussels, which brings together nations without representation in public institutions.

**What is the situation of the Macedonian minority in Greece today?**

There is no situation, because Greece officially denies our existence, claiming that there are no minorities in Greece other than the Muslim minority recognised under the Treaty of Lausanne, and only in Western Thrace. Even there, the Muslim minority is not recognised in Athens or Thessaloniki, nor on the islands of Kos and Rhodes, where they actually exist. In reality this is a Turkish minority, but Greece consistently refers only to Muslims.

**In which areas do Macedonians live?**

Macedonians live in all three regions that Greece calls Eastern, Central and Western Macedonia. The largest number of those willing to declare themselves live in Central and Western Macedonia.

**How many are there, approximately?**

According to some institutions, there are around 150,000, which is actually not very many, considering how large the region is. But Greece does not allow this to be verified during the national census, held every ten years. Citizens cannot declare that they belong to any ethnic or linguistic minority.

**When I visited the region some years ago, I noticed that the Greek authorities do not recognise the Macedonian language at all.**

Exactly. Greece insists that our language is merely a dialect of Bulgarian. But if they say it is Bulgarian, they should at least recognise such a minority. Greece has never recognised any Slavic language since 1923, when the League of Nations forced Greece to sign a protocol obliging it to protect all minorities in the new territories acquired after the First World War. That protocol exists – it was ratified in 1923 – but more than a century later Greece still refuses to implement it, despite our repeated calls for the government to do so.

**If I understand correctly, the Macedonians in Greece have no schools and no recognised organisations. Do you have any organisations at all?**

Our NGO is the only body that represents Macedonians internationally, and it is registered as a non-profit company. This is the only organisation that the state cannot shut down. Macedonians in Greece have founded a number of organisations, some of which were initially recognised. But after protests from some groups, the authorities dissolved them all.

I recall there was also a **Macedonian political party, Rainbow.**

Yes, the state could not dissolve that party because the constitution forbids it. But the party is not very active.

**Does it take part in elections?**

No, not in local elections, which is a great pity.

**Is it not allowed to, or does it choose not to?**

It chooses not to.

**What is the point of a political party if it does not run in elections?**

I really don't know. The Turkish minority has a political party that runs in European elections, where Rainbow also runs, though unsuccessfully. But the Turkish party also elects representatives at local level in Thrace. Knowing they would not get enough votes otherwise, some of their candidates stand on the lists of Greek parties.

**Could Macedonians not do the same?**

Some Macedonians have been elected at local level in this way, but they never declare themselves as Macedonians. They act as Greeks and do not demand any rights for our community.

**What is your relationship with the Republic of North Macedonia?**

We have no regular relations. I think North Macedonia does not maintain special relations with minorities, not with us in Greece, nor with the Macedonian minority in Bulgaria. They care somewhat for their minority in Albania, but not for those in Greece or Bulgaria. Under international law they would be entitled to support us, especially in terms of language and culture, but they do not. Our only support comes from the diaspora – Macedonians of Greek origin living abroad in Canada, Australia and elsewhere. Not from the government in Skopje.

**Recently Greece blocked Albania's accession to the EU, claiming Albania did not protect the Greek minority. Isn't it strange that Greece looks after its minorities abroad but ignores minorities at home?**

Of course. Greece strongly supports its minorities abroad, even communities in southern Italy that speak an archaic form of Greek. Yet within Greece it refuses to recognise any minority. It even challenged the name of North Macedonia for decades, insisting on its sole right to the name 'Macedonia'. Sadly, the international community has gone along with such positions instead of defending the Macedonian minority in Greece and the descendants of those expelled during the civil war 75 years ago. We are talking about thousands of people and about 30,000 children who were taken by the communist party to what is now North Macedonia. Greece has never allowed them to return, stripped them of citizenship and confiscated their property.

**Can those people return to Greece now, at least as tourists?**

It depends on the name in their passport. Many are turned away at the border with various excuses. Because of this, most people no longer try.

**When Syriza won the elections some years ago, it promised a lot to minorities. Then nothing happened. Now it is making promises again…**

I wouldn't know. They make promises, but always unofficially. Look, the policies of Greek parties towards minorities – from the far left to the far right – are always the same. Identical. For them it is a national issue.

**So for them the Macedonian language does not exist?**

No.

**When I visited cultural associations of the Macedonian minority in Greece, they were very small. I noticed there were no written captions on the photographs on the walls. When I asked why, they told me they were not allowed to write anything in Macedonian, because the authorities claim the language does not exist.**

That is exactly the case. For them our language does not exist. Even some left-wing parties, such as Yanis Varoufakis' party, are not far from that position. Some included minority rights in their programmes, but removed these clauses after the elections. Macedonians voted for Varoufakis once, but never again.

**What is your strategy for the future?**

Our strategy is to keep fighting against injustice. We are not only fighting for minority rights, we are fighting against discrimination. Every initiative we want to launch is prohibited by the authorities. We are left with no choice but to go to court. But this never helps, because judges always acquit the state.



They politely tell us we have misunderstood, and the courts accept this argument.

**That sounds unbelievable…**

Yes, unbelievable. I am now preparing a new case. I stood as a candidate on the list of the Turkish party DEP – with no real chance of election, but as a symbolic gesture. On television, while critics attacked the Turkish party, my face was on screen the whole time. Viewers saw my photo as if I were some kind of agent of the Turkish government. Now I have to bring another lawsuit.

**The Turkish minority has brought cases to the European Court of Human Rights and won, but Greece does not implement those rulings. Have you considered going to the court?**

No, because those rulings do not provide compensation to the victims, and Greece ignores them anyway. This has been going on for years. The problem is that there are no penalties. If I committed a crime, I would be punished – prison or a fine. With ECHR rulings there are no penalties, no enforcement, and Greece simply disregards them. There is no court that can punish Greece for such violations.

**How do you see the future?**

I am an optimist, I always see the glass half full. I believe that external pressure is needed. With the right information about what is happening in Greece, and by countering Greek propaganda, we could at least achieve some of our rights.

# Негирањето на македонскиот народ, историја и јазик е флагрантен обид за национална асимилација

***21 мај, 2026; Повод: Поднесената жалба до Европската комисија (ЕК) против Бугарија од страна на Централниот совет на Македонците во Германија***

***Продолжува од страна 17***

Македонскиот јазик, кој поседува меѓународно признаени ИСО-кодови и е институционално потврден од Обединетите нации и ОБСЕ, во бугарската политика се третира како „дијалект“. Тоа не е само лингвистичка расправија туку обид да се избрише една културна и духовна реалност, да се доведе во прашање постоењето на еден народ преку негирање на неговиот најосновен белег – јазикот.

Протоколот од 2022 година бара Македонија да го приспособи својот историски наратив кон бугарската интерпретација, што претставува флагрантно непочитување на националниот идентитет и обид историјата да се претвори во инструмент за политичка уцена. Бугарија истовремено игнорира 14 пресуди на Европскиот суд за човекови права, кои налагаат регистрација на македонски организации во земјата, со што се создава културна дискриминација и се поткопува правото на здружување. Ветото, пак, се користи како инструмент за уцена, а не како легитимна алатка за заштита на европските вредности, претворајќи го процесот на проширување во поле за националистички услови, велат нашите соговорници.

Еден универзитетски професор по европско право предупредува дека со барањата на Бугарија се нарушува членот 2 од ДЕУ – забраната на дискриминација по етничка и јазична основа. Ако ЕУ дозволи вакви услови, тогаш ја компромитира сопствената правна архитектура. Од друга страна, политичките аналитичари додаваат дека ова не е само спор меѓу две држави. Станува збор за европски преседан – дали една земја членка може да ја условува идентитетската суштина на друга држава кандидат. Ако се дозволи, тоа ќе отвори пат за нови злоупотреби, предупредува нашиот соговорник.

Историчарите повеќепати досега нагласија дека негирањето на македонската историја е обид за културна асимилација. Тоа е политика што не само што ја поткопува Македонија туку и ја разнишува стабилноста на целиот регион. Историјата не смее да биде предмет на политичка уцена, туку мост за разбирање и дијалог, предупредуваат тие. Оттука жалбата против Бугарија станува повеќе од правен акт – таа е повик за Европа да покаже дали навистина стои зад своите вредности или ќе дозволи тие да бидат сведени на празна декларација.

### *Можни последици за македонската дијаспора*

Последиците за дијаспората претставуваат реална опасност што може да го наруши секојдневниот живот на Македонците во Германија и пошироко во Европската Унија. Жалбата предупредува дека доколку позицијата на Бугарија добие институционално признание, ќе се создаде правна несигурност што директно ќе ги погоди граѓаните. Преведувачи, наставници и ученици би можеле да се соочат со негирање на нивните квалификации и свидетелства, со што би се довело во прашање нивното право на работа, образование и културна афирмација.

Тоа би значело дека дипломи стекнати со години труд би можеле да бидат прогласени за невалидни, дека наставници што ги пренесуваат македонскиот јазик и култура би биле дискредитирани, а ученици би се чувствувале како граѓани од втора класа. Еден универзитетски професор по европско право предупредува дека ако се дозволи вакво институционално негирање, тогаш секој Македонец во дијаспората ќе биде изложен на правна несигурност – неговата диплома, неговото свидетелство, неговата културна припадност ќе бидат доведени во прашање. Политичките аналитичари додаваат дека ова е директен удар врз правата на граѓаните. Дијаспората не е само мост меѓу Македонија и Европа туку и жив доказ за европската интеграција. Ако тие права се поткопаат, тогаш Европа испраќа порака дека идентитетот може да биде условуван и негиран.



Последиците за дијаспората се последици за сите нас. Негирањето на нивните квалификации е обид да се избрише културната меморија и да се создаде чувство на несигурност кај луѓе што со генерации придонесуваат за европското општество – вели историчар со долгогодишно искуство, кој е добро запознаен со оваа проблематика.

### *Македонските отстапки и европската совест*

Според експертската јавност, Македонија веќе направи тешки идентитетски отстапки – промена на знамето, уставни измени, промена на името – чекори што ја покажаа подготвеноста на државата да се жртвува заради европската перспектива и регионалната стабилност. Но отстапки што го засегаат идентитетот на народот повеќе не се прифатливи, бидејќи идентитетот не е преговарачка категорија, туку суштинска основа на постоењето. Токму затоа жалбата до Европската комисија е повеќе од правен документ – таа е повик до Унијата да покаже дали навистина е заедница на вредности или само пазар на интереси, каде што националистички услови можат да станат валута за политички уцени. Во неа се содржи суштинското прашање – дали Европа ќе ја брани својата морална архитектура или ќе дозволи таа да биде разнишана од политички калкулации.

Еден универзитетски професор по европско право нагласува дека „Македонија веќе плати висока цена со историски компромиси“! Ако сега се бараат нови отстапки што го засегаат идентитетот, тоа значи дека Европа ја губи својата морална основа. Неговото искажување ја разголува дилемата – компромисите може да бидат дел од политиката, но идентитетот не може да биде предмет на трговија. Експертите исто така нагласуваат дека ова е момент на вистина за Европската Унија – дали ќе покаже дека е заедница на вредности, каде што правото на идентитет е неприкосновено или ќе се претвори во пазар на интереси каде што идентитетот може да биде условуван и негиран. Со тоа се поставува прашањето за кредибилитетот на Унијата – дали ќе остане верна на своите основни принципи или ќе дозволи тие да бидат сведени на празна реторика.

Секоја нова отстапка што го засега идентитетот е удар врз историската меморија и културната самобитност на народот. Тоа не е само политичка цена туку духовна загуба што не може да се надомести – додаваат нашите соговорници.

Оваа искажување ја засилува тежината на жалбата – таа не е само реакција на моменталната политика туку симболичен тест за Европа, за нејзината способност да ја заштити суштината на своите вредности и да покаже дека правото на идентитет е неприкосновено и универзално.

# Macedonian Wines and Spirits Licence No. 54522




Enjoy Macedonian wines and rakija not available in LCBO stores. Choose from 10-year-old or 5-year-old Vranec or white wines Temjanika and Chardonnay, Божица Zolta rakija or Mastika.

To order call or text Andy 416-735-2401 or email macedonap@rogers.com

www.MacedonianWinesAndSpirits.com


**За слободна и обединета Македонија**

**For a Free and United Macedonia**


